# АДИНГКОЛОР-РБ

*Боја за завршна обработка на базени, изработена врз база на синтетички смоли и растворувачи*

## Област на примена:

За декоративна завршна обработка на бетонски, армиранобетонски или малтерисани површини кај базени за пливање, фонтани и украсни базени, рибници и слични објекти со површини во постојан контакт со вода.

## Својства:

- еднокомпонентна хомогена вискозна смеса;
- можност да се тонира и нијансира во различни бои;
- одлична покривна моќ;
- отпорен на атмосферски влијанија;
- УВ - стабилен;
- водонепропустлив;
- одлична адхезија;
- лесен е за изведба и не бара специјален алат;
- нетоксичен (во врзана состојба);

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Волуменска маса: | 1,2-1,3 гр/см$^3$ |
| Содржина на суви материи: | 70-72 % |
| Време на сушењеврзување: | 50-60 мин |
| Време на зацврснување: | 70-80 мин |

## Подготовка на подлогата:

Површината на која се нанесува Адингколор-РБ треба да биде цврста, сува, чиста, обезмастена и обеспрашена. Претходно треба да бидат завршени сите градежно-инсталатерски работи. Оптималната температура на површината на која се изведуваат работите треба да биде во граници од +10°C до +35°C.

## Вградување:

Адингколор-РБ, се нанесува во 2 до 3 слоја. За нанесување на првиот слој, Адингколор-РБ се приготвува со бавно мешање на смесата со додавање на Растворувач-РБ од 5% до 10%. За вториот и третиот слој, готовата смеса се нанесува без дополнително разредување.. Вградувањето на готовиот материјал се врши со четка, јарец или со распрскување. Временското растојание на апликација помеѓу слоевите изнесува 24 часа. Обработените површини треба да се заштитат од силен провев и дожд во период од 6-12 часа.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| за два слоја | 0,50 до 0,60 кг/м$^2$ |
| за три слоја | 0,65 до 0,80 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-РБ, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Адингколор-РБ | во лимени канти од 4 и 20 кг. |
| Растворувач- РБ | во канти од 1,5,и 10кг. |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба: 6 месеци.

<u>Опасност по здравјето:</u> Производите содржат реактивни составки кои во неврзана состојба делумно штетно влијаат на здравјето. При вградување задолжително е користење на заштитна опрема: ракавици, маска и очила. Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е веднаш да се побара медицинска помош.
<u>Пожар:</u> Адингколор-РБ и Растворувач-РБ содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат блиску до отворен оган или да се пуши за време на употребата.
<u>Чистење и депонирање:</u> Неврзани остатоци од Адингколор-РБ се чистат со Растворувач-РБ. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*